СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Четврток,6 февруари 1997 Скопје
Број 5 Год. LIII

Аконтацијата за 1997 година изнесува 6.400 денари. Овој број чини 200 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

76.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАЗИЦИТЕ НА КОИ СЕ ИЗВЕДУВА НАСТАВАТА НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Се прогласува Законот за јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јануари 1997 година.

Број 08-297/1
30 јануари 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република,
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

ЗАКОН
ЗА ЈАЗИЦИТЕ НА КОИ СЕ ИЗВЕДУВА НАСТАВАТА НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

На Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ (во натамошниот текст: Педагошки факултет) во Скопје, наставата на студиските групи за предучилишно воспитување и за одделенска настава, се изведува на македонски јазик и на јазиците на националностите.

Член 2

На Педагошкиот факултет во Скопје, наставата на јазиците на националностите се изведува по наставните предмети содржани во наставните планови и програми, освен по предметите што се однесуваат на македонскиот јазик со култура на изразувањето и на историјата, кои се изведуваат на македонски јазик.

Член 3

За наставните предмети за кои по објавувањето на конкурс ќе се утврди дека за изведување настава на јазиците на нациналностите не постои наставен кадар кој ги исполнува условите предвидени со Законот за насоченото образование, до изборот на соодветен кадар, за изведување настава на јазиците на националностите може да се ангажираат соодветни наставници од постојните високообразовни установи.

Доколку не се обезбеди соодветен наставен кадар согласно со став 1 на овој член, за изведување настава на јазиците на националностите може да се ангажираат и соодветни кадри со научен степен доктор по наука или со академски степен магистер по науки од постојните научни и други установи и институции.

За предметите за кои се ангажирани соодветни кадри согласно со ставовите 1 и 2 на овој член Педагошкиот факултет во Скопје е должен на секои шест месеци да објавува конкурс за избор на наставник.

Член 4

Доколку согласно со член 3 од овој закон не може да се обезбеди соодветен наставен кадар за изведување настава на јазиците на националностите, до неговото обезбедување, наставата ќе се изведува на македонски јазик.

Член 5

До донесување на нормативи и стандарди за изведување на наставата на високообразовните установи, на Педагошкиот факултет во Скопје наставата ќе се изведува на јазиците на националностите, доколку во прва година ќе се запишат најмалку 20 студенти, припадници на соодветната националност.

По исклучок од став 1 на овој член, настава на јазиците на националностите може да се изведува и со помал број студенти, за што е потребно да се добие согласност од Министерството за образование и физичка култура.

II. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 6

Затекнатите наставници и ангажирани високостручни кадри за изведување настава на јазиците на националностите, кои не ги исполнуваат условите утврдени со Законот за насоченото образование за наставник на високообразовна установа продолжуваат со работа на Педагошкиот факултет во Скопје до 31 декември 2002 година до кога се должни да ги исполнат законските услови.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

77.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ КРЕДИТНА ЛИНИЈА ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем за Проектот Кредитна линија за мали и средни претпријатија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јануари 1997 година.

Бр. 08-274/1
29 јануари 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ КРЕДИТНА ЛИНИЈА ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Член 1

Во Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем за Проектот Кредитна линија за мали и средни претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ број 65/95), во членовите 1 и 2 по зборовите: „Алмако банка“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборовите: „Експорт – Импорт банка“ се додаваат зборовите: „и Извозно-кредитна банка“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

78.

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 15 од Уставот на Република Македонија и членови 38 и 45 став 1 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 јануари 1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ

1. За претседател на Основниот суд во Берово е избрана Данка Бубевска,
2. За претседател на Основниот суд во Велес е избран Благој Нечев,
3. За претседател на Основниот суд во Виница е избран Симеон Пешев,
4. За претседател на Основниот суд во Гевгелија е избрана Велика Карапиколова,
5. За претседател на Основниот суд во Гостивар е избран Ристо Анѓеловски,
6. За претседател на Основниот суд во Дебар е избран Томо Бужаровски,
7. За претседател на Основниот суд во Делчево е избран Митко Георгиев,
8. За претседател на Основниот суд во Кавадарци е избран Стојан Бојков,
9. За претседател на Основниот суд во Кичево е избран Божин Аврамоски,
10. За претседател на Основниот суд во Кочани е избран Зоран Трајанов,
11. За претседател на Основниот суд во Крива Паланка е избран Ѓоко Алексовски,
12. За претседател на Основниот суд во Куманово е избран Миле Попоски,
13. За претседател на Основниот суд во Крушево е избран Кочо Ѓорѓиоски,
14. За претседател на Основниот суд во Неготино е избран Ратко Петровски,
15. За претседател на Основниот суд во Охрид е избран Љубин Алексијевски,
16. За претседател на Основниот суд во Прилеп е избран м-р Кирил Цветаноски,
17. За претседател на Основниот суд во Ресен е избран Драги Жаловски,
18. За претседател на Основниот суд во Свети Николе е избран Стојанчо Атанасов,
19. За претседател на Основниот суд во Скопје I – Скопје е избран Ангел Солев,
20. За претседател на Основниот суд во Скопје II – Скопје е избран Љубомир Јовевски,
21. За претседател на Основниот суд во Струга е избран Живко Вранишкоски,
22. За претседател на Основниот суд во Тетово е избран Сафет Хамзи и
23. За претседател на Основниот суд во Штип е избран Стојанче Рибарев.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-301/1
30 јануари 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

79.

Врз основа на член 106 став 3 од Уставот на Република Македонија, а во врска со член 31 став 1 точка 3 и член 32 став 1 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија“ број 80/92; 19/93; 9/94 и 9/96), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 јануари 1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЗАМЕНИК НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Од функцијата заменик на јавниот обвинител на Република Македонија, се разрешуваат
Саид Саид,
Ванко авловски и
Милица Војводиќ, поради исполнување услови за старосна пензија.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-302/1
30 јануари 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

80.

Врз основа на член 106 став 3 од Уставот на Република Македонија, а во врска со член 31 став 1 точка 3 и член 32 став 1 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија“ број 80/92; 19/93; 9/94 и 9/96), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 јануари 1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЗАМЕНИК НА ОКРУЖНИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

1. Се разрешува Благоја Алексов, од функцијата заменик на Окружниот јавен обвинител во Скопје, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-303/1
30 јануари 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

81.

Врз основа на член 8 од Законот за Републичкиот судски совет („Службен весник на Република Македонија" бр.80/92), Републичкиот судски совет на седницата одржана на 04 февруари 1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СУДСКИ СОВЕТ

1. На Тихомир Велковски, член на Републичкиот судски совет, му престанува должноста претседател на Републичкиот судски совет, поради истекот на времето за кое е избран.

2. За претседател на Републичкиот судски совет се избира Мугбил Бејзат, член на Републичкиот судски совет, за наредните три години.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.08-107/97-2
4 февруари 1997 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот судски совет,
Тихомир Велковски,с.р.

82.

Врз основа на член 24 став 1 од Законот за трговијата („Службен весник на РМ", бр. 23/95, 30/95 и 43/95), и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ", бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА БРАШНОТО И ЛЕБОТ

1. Како највисока производна цена на брашното тип „500" се определува 19,29 ден/кгр.

Цената на брашното од став 1 на оваа точка важи како највисока продажна цена на производителите франко натоварени во вагон или камион на најблиската натоварна станица на производителот.

На цената од став 1 на оваа точка можат да се пресметуваат и трошоците на амбалажата.

2. Како највисока цена на брашното во прометот се определува и тоа:

– брашно тип „500" – 1/1 кгр на големо..20,50 ден/кгр

– брашно тип „500" – 1/1 кгр на мало....23,00 ден/кгр

3. Како највисока малопродажна цена на лебот тип „500" од 600 грама се определува 23,00 денари по парче.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-161/1
27 јануари 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

83.

Врз основа на член 2 и 3 од Законот за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на РМ" бр. 24/92, 32/92, 83/92, 78/93 и 14/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗНОСОТ НА ПРЕМИЈАТА ЗА МЛЕКОТО ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.1997 ДО 30.04.1997 ГОДИНА

1. За произведено и продадено млеко во млекарница, за произведено и продадено млеко од страна на претпријатијата и другите правни лица од подрачјето на Република Македонија во периодот од 01.01.1997 до 30.04.1997 година се исплатува премија во износ од 3,00 денари по еден литар млеко, сведено на квалитетот на кравјото млеко.

2. Премијата од точка 1 на оваа одлука се исплатува за кравјо и козјо млеко кое содржи најмалку 3,2% и овчо млеко кое содржи најмалку 6,0% млечна маст. Ако млекото содржи поголем процент на млечна маст (кравјото и козјото до 4,2% и овчото до 8,5%), износот на премијата сразмерно се зголемува.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-146/1
27 јануари 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

84.

Врз основа на член 52, став 1 и 2 од Законот за царините („Службен весник на РМ" бр. 20/93 и 63/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЦАРИНСКИ КОНТИНГЕНТ ПРИ УВОЗ НА СУРОВИНИ ЗА ДОБИТОЧНА ХРАНА

1. Со оваа одлука се определува користење на царинскиот контингент и се определуваат стоките (пченка и јачмен) кои може да се увезат без плаќање царина, одобрени врз основа на Одлуката за определување на царинските контингенти при увоз на стоки во 1996 година.

2. Оваа одлука ќе се применува за одобрениот увоз на стоки (пченка и јачмен) според решенија издадени во 1996 година, а кои не се реализирани заклучно со 31.12.1996 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува до 31 март 1997 година.

Бр. 23-3368/1
27 јануари 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

85.

Врз основа на член 24 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 1997 година („Службен весник на РМ" бр. 71/96), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 1997 ГОДИНА

1. Од средствата на Буџетот на Република Македонија за 1997 година, во износ од 160.000.000,00 денари утврдени во раздел 120.01, потставка 472026, „изградба

на водоводи во општините и фекални канализации" се распределуваат за

Х.С. „Лисиче" – Велес
– за изградба на Х.С. „Лисиче" за водоснабдување на Велес и повеќе населени места во општината 25.000.000,00 ден.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука се користат за учество на Републиката за изградба на водоводи во општините, без обврска за враќање.

3. Исплатата на средствата по оваа одлука, по претходно доставената документација од Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, ја врши Министерството за финансии.

4. За начинот, динамиката и наменското користење на средствата се грижи Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-216/1
27 јануари 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

86.

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" број 4/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА АВТО-СЕРВИС СО ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ (ПРОДАВНИЦА ЗА ДЕЛОВИ, МАГАЦИН И КАНЦЕЛАРИИ), НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА „КИСЕЛА ВОДА" – СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на авто-сервис со придружни објекти (продавница за делови, магацин и канцеларии), што треба да се гради на КП број 2537/3, КО „Драчево", во м.в. „Чешма", со вкупна површина од 200 м^2, чиј инвеститор ќе биде Трпковски Јован од Скопје и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог – ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-178/1
27 јануари 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

87.

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" број 4/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ „ПОВРШИНСКИ КОП ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА КВАРЦИТИ НА ЛЕЖИШТЕТО „ПЕШТЕР", НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ПРОБИШТИП

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на објектот „површински коп за експлоатација на кварцити на лежиштето „Пештер", на КП број 653 и 658, КО „Плешенци", КО „Пештер и Пударци", со вкупна површина од 46,13 хектари, на подрачјето на општината Пробиштип, чиј инвеститор ќе биде АД Рудник за неметали „Стрмош" од Пробиштип и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог – ситуација во М 1:2.500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-176/1
27 јануари 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

88.

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" број 4/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА КОНЗУМНА МЛЕКАРА ЗА ПРЕРАБОТКА НА МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ВЕЛЕС

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на конзумна млекара за преработка на млеко и млечни производи, на КП бр. 531, КО „Ногаевци", во м.в. „Село" со вкупна површина од 2.500 м^2, на подрачјето на општината Велес, чиј инвеститор ќе биде Николов Христо од Велес и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог – ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-177/1
27 јануари 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

89.

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" број 4/96). и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ТРАФОСТАНИЦА 35/10 КВ „КИЧЕВО–СЕВЕР", НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА КИЧЕВО

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на трафостаница 35/10 кВ „Кичево–Север", што треба да се гради на дел од КП бр. 254/5/22, КО „Раштани", во м.в. „Надјаде", на подрачјето на општината Кичево, чиј инвеститор ќе биде ЈП „Електростопанство на Македонија" од Скопје и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог – ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-181/1
27 јануари 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

90.

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" број 4/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА МЛИН СО ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА „КАРПОШ" – СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на Млин со придружни објекти, на КП бр. 3849 и 3850, КО „Долно Свиларе", во м.в. „Пазарски пат" со вкупна површина од 2.988 м^2, на подрачјето на општината Карпош – Скопје, чиј инвеститор ќе биде Фејзула Рушид Сефер од с. Горно Свиларе – Скопско и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог – ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-175/1
27 јануари 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

91.

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" број 4/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ПОГОН ЗА ПРЕРАБОТКА НА МЕСО И МЕСНИ КОНЗЕРВИ И ПОГОН ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЛЕБ И БЕЛИ ПЕЦИВА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА „ЧАИР" – СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на погон за преработка на месо и месни конзерви и погон за производство на леб и бели пецива, што треба да се гради на КП бр. 557, КО „Г.Д. Оризари", во м.в. „Брест", со вкупна површина од 6.000 м^2, на подрачјето на општината „Чаир" – Скопје, чии инвеститори ќе бидат Горанче Младеновски и Владимир Кајевски од Скопје и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог – ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-180/1
27 јануари 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

92.

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" број 4/96), и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ПОГОН ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СТОЧНА ХРАНА И ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРЕРАБОТКИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА „ГАЗИ БАБА" – СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на погон за производство на сточна храна и земјоделски преработки, што треба да се гради на КП бр. 59/4 и 61/1, КО „Петровец" во м.в. „Бавча", со вкупна површина од 1.332 м^2, чиј инвеститор ќе биде Претпријатието за производство и трговија „Вадра" од Скопје, и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог – ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-179/1
27 јануари 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

93.

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ" бр. 20/93 и 63/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Народна банка и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
3215		Печатарски бои, тушеви или мастила за пишување или цртање и други мастила, вклучувајќи ги неконцентрираните или во цврста состојба:	
	3215 19 00 00	–Други	
		а) специјални бои за печатење банкноти	500 кгр.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-202/1
27 јануари 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

94.

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ" бр. 20/93 и 63/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за финансии и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
8703		Патнички автомобили други и моторни возила главно конструирани за превоз на лица (освен возилата од тар. број 8702), вклучувајќи и моторни возила за комбиниран превоз на лица и стоки (од типот караван, комби итн.) и автомобили за трки:	
	8703 22	--Со зафатнина на цилиндрите над 1000 $см^3$ до 1500$см^3$:	
		--- Нови:	
		---- Патнички автомобили, составени:	
	8703 22 10 11	----- Со вграден катализатор	7 парчиња
8517		Електрични апарати за жична телефонија или жична телеграфија, вклучувајќи жични телефонски апарати со безжична слушалка или телекомуникациски апарати за жични системи со носечка струја или дигитални линиски системи; видеофони:	
	8517 19	-- Други	
	8517 19 90 00	--- Други	
		а) телефонски апарати „Панасоник"	80 парчиња
	8517 80	– Други апарати	
	8517 81 90 00	-- Други	
		а) телефонски централи „Панасоник"	7 парчиња

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-183/1
27 јануари 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

95.

Врз основа на член 43 и 44 од Законот за хартиите од вредност („Службен весник на Република Македонија", бр.5/93), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 30.01.1997 година, Комисијата издава

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На ТГС Технички Гасови Скопје А.Д. Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност – втора емисија на акции во вредност од 4.000.195 ДЕМ или во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на ден 31.01.1997 година во износ од 106.545.194,00 денари.

2. Издавачот на долгорочните хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката за нивното издавање.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 01-304/1
31 јануари 1997 година
Скопје

Претседател на Комисијата,
Проф. д-р **Љубе Трпески**, с.р.

96.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 22 јануари 1997 година, донесе

ОДЛУКА

1. Се укинува Правилникот за педагошки мерки на учениците и други слушатели во средното полициско училиште при Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита „Елисие Поповски Марко" – Скопје, донесен од Советот на Центарот на 24 март 1992 година.

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија со решение У. бр. 173/96 од 13 ноември 1996 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со Законот за средното образование.

4. На седницата Судот утврди дека во Правилникот се утврдуваат видот, постапката и начинот на применување на педагошките мерки за учениците во средното полициско училиште според одредбите на Законот за насочено образование и Упатството за видот, постапката и начинот на применување на педагошките мерки за учениците во организациите за средно образование. Согласно член 17 од Правилникот заради обезбедување работна дисциплина и културно поведение во училиштето на учениците кои не ги извршуваат работните должности и ги кршат правилата на однесување се применуваат педагошки мерки писмена опомена, опомена пред отстранување и отстранување од организацијата за образование.

Понатаму од членовите 18 до 29 од Правилникот се разработуваат условите за изрекување на дисциплинските мерки за учениците како и постапката и органите за изрекување на тие мерки.

5. Во Законот за основање центар за образование на кадри од областа на безбедноста („Службен весник на РМ" бр. 27/95) кој е специјален закон за средното полициско училиште не се уредуваат прашањата за дисциплинската одговорност на учениците. Според тоа и за овие училишта ќе се применува Законот за средното образование во поглед на изрекување на педагошки мерки за учениците. Согласно член 57 став 1 од Законот за средното образование заради повреда на должностите и неисполнување на обврските за ученикот можат да се применат педагошки мерки: опомена, опомена пред отстранување и отстранување од јавното училиште. Согласно член 57 став 3 опоменатa пред отстранување и отстранувањето ги изрекува наставничкиот совет, а против одлуката на став 3 на овој член ученикот може да поднесе приговор до органот на управување на училиштето во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката. Според став 7 на овој член од Законот педагошката мерка отстранување може да се изрече само за потешка повреда на должноста утврдена со статут на училиштето.

Од изнесените одредби произлегува дека наставничкиот совет ги изрекува педагошките мерки опомена и отстранување од училиштето, а потешките повреди на должностите се утврдуваат во статутот. По приговор одлучува органот на управување на училиштето, а орган на управување на училиштето според законот е училишниот одбор. Училишниот одбор (член 88 од Законот) го донесува статутот и е составен од 9 члена и тоа двајца претставници од основачот, тројца претставници од родители на ученици и четворица претставници од наставниците, а врз основа на стручност и компетентност.

Понатаму во член 113 од преодните и завршните одредби од законот е предвидено јавните училишта во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, да ја усогласат својата организација, работа, статутите и другите општи акти со одредбите на овој закон. Рокот за усогласување на актите е поминат повеќе од 6 месеци. Согласност, пак, на статутот согласно член 98 од овој закон дава Владата на Република Македонија.

Со оглед на тоа што рокот за усогласување на Правилникот со одредбите на Законот за средното образование е поминат, а прашањето за изрекување на педагошките мерки за учениците според Законот е предвидено да се уреди со друг акт кој се носи во друга постапка, Судот смета дека тој не е во согласност со означените законски одредби.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими и д-р Јосиф Талевски.

У. бр. 173/96
22 јануари 1997 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Јован Проевски**, с. р.

97.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.70/92), на седницата одржана на 25 декември 1996 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 151 став 3 од Законот за кривичната постапка („Службен лист на СФРЈ" бр.26/86, 74/87, 57/89, 30/90).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по поднесена иницијатива од Адвокатската комора на Македонија, со решение У.бр.59/96 од 27 ноември 1996 година поведе постапка за оценување уставноста на законот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека според членот 151 став 3 од Законот органите на внатрешни работи можат и да повикуваат граѓани. Во поканата мора да се назначи причината за повикувањето. Присилно може да се доведе лице што не се одзвало на поканата само ако во поканата било предупредено за тоа. При постапувањето според одредбите на овој член, органите за внатрешни работи лицата повикани, приведени или лишени од слобода мора веднаш да бидат запознаени со причините за нивното повикување, приведување или лишување од слобода и со нивните права утврдени со закон и од нив не може да се бара изјава, не можат да ги сослушаат во својство на обвинет, сведок или вештак, ако во овој закон не е предвидено поинаку.

5. Согласно став 1 на член 12 од Уставот на Република Македонија, слободата на човекот е неприкосновена.

Според ставот 2 на овој член од Уставот никому не може да му биде ограничена слободата, освен со одлука на судот и во случај и постапка утврдена со закон.

Како што се гледа од наведените одредби Уставот лишувањето од слобода на граѓаните го дозволува само при кумулативно исполнување на двата услови.

Тоа значи дека Уставот дава можност со закон да се утврдат случаите на ограничување на слободата на граѓаните во интерес на остварувањето на правата на граѓаните и вршењето на судската власт. Исто така, тоа значи дека граѓанинот може да биде лишен од слобода само кога таквиот случај е предвиден со закон, а едновремено постои и одлука на судот за негово приведување, односно лишување од слободата.

Со оглед на тоа што членот 151 став 3 од Законот предвидува граѓаните да можат да бидат приведени доколку не се одзвале на поканата со која биле предупредени за тоа, без постоење на судска одлука, односно дека во него не се кумулативно предвидени условите за лишувањето на граѓанинот од слобода, што е уставна обврска, Судот оцени дека истиот е несогласен со Уставот на Република Македонија.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Цунов.

У.бр.59/96
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р Јован Проевски, с.р.

98.

Уставниот суд на Република Македонија, согласно член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.70/92), на седницата одржана на 25 декември 1996 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 37 од Законот за просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на Република Македонија" бр.4/96 и 8/96);

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по поднесени иницијативи од Собранието на Општина Тетово Собранието на град Скопје, Никола Стојанов од Скопје, Атанас Китановски од Скопје, Илија Илиевски од Куманово, Атанас Чупоски и Васко Тевдовски од Скопје поведе постапка за оценување уставноста на член 37 од законот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на Република Македонија.

4. На седницата, Судот утврди дека членот 37 став 1 од Законот предвидува сопствениците на изградени објекти во општинските центри, градот Скопје и другите урбанизирани подрачја предвидени за градба, да плаќаат надоместок за користење на урбанизиран простор, и тоа 50% од утврдената даночна обврска по основа на данок на имот.

Според ставот 2 на овој член од Законот утврдувањето и наплатата на надоместокот од став 1 на овој член, го врши органот за јавни приходи, со посебно решение, согласно со одредбите на Законот за даноците на имот.

Согласно став 3 на истиот член од Законот, средствата од став 1 на овој член се приход на Буџетот на Републиката, а се користат за изработка на просторни и урбанистички планови

5. Според член 8 став 1 алинеи 3 и 8 од Уставот на Република Македонија меѓу темелните вредности на Републиката се предвидени владеењето на правото и социјалната правда како такви, а согласно член 33 од Уставот секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Од наведените одредби се гледа дека Уставот, кој на Република Македонија, меѓу другото, и дава статус на социјална држава, ја предвидува социјалната правда како една од нејзините темелни вредности и едновремено содржи задолжително норма за граѓаните да плаќаат данок и други јавни давачки и да учествуваат во намирувањето на јавните расходи, упатувајќи тоа да се утврди со закон.

Согласно оваа одредба од Уставот, Законот за просторното и урбанистичко планирање предвидел сопствениците на објектите што се наоѓаат во урбанизираните подрачја, да плаќаат надоместок за користење на урбанизиран простор Овој надоместок ќе го утврдува и наплатува органот за јавни приходи согласно Законот за даноците на имот, а средствата прибрани по овој основ ќе бидат приход на Буџетот на Републиката.

Согласно член 38 од Законот за градежното земјиште („Службен весник на СРМ" бр. 10/79, 17/79, 37/80, 18/89 и 21/91) изградбата на станбени, стопански, комунални и други објекти се врши на уредено градежно земјиште Согласно ставот 2 на овој член од законот овие објекти можат да се градат и на земјиште што не е уредено при што корисникот е должен, врз основа на договор да го уреди земјиштето.

Според членот 37-а од Законот, поблиските услови, начинот и постапката за доделување на градежното земјиште ги пропишува Владата на Република Македонија, а правата меѓу Републиката и корисникот се уредуваат со договор.

Во членот 39 од Законот е предвидено дека уредувањето на градежното земјиште се врши врз основа на Програма што ја носи собранието на општината врз основа на урбанистичкиот план, а по претходна согласност на републичкиот орган на управата наделжен за работите на урбанизмот во делот на неговата надлежност.

Членот 41 од Законот предвидува уредувањето на градежното земјиште да се финансира од средствата остварени од неговото доделување, од надоместоците за уредувањето, односно за употребата на градежното земјиште од средствата на комуналните организации, средствата од самопридонес и од други средства.

Ставот 2 на овој член од Законот предвидува овие средства да се утврдуваат со Програмата, во која е предвидена ставка за наплатување по основ изработка на урбанистички планови.

За доградба и надградба на постојните објекти, согласно член 42 од Законот, се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште. Според ставот 2 на овој член од Законот износот на надоместокот се утврдува со Програмата и не може да биде поголем од 50% од вистинските трошоци за уредување на земјиштето потребни за изградба на нови објекти на соодветна локација. За овој надоместок, согласно став 3 на овој член од Законот, се склучува договор.

Согласно член 43 од Законот средствата остварени од надоместокот за уредување на градежното земјиште се користат за намените утврдени со Програмата.

Во членот 44 од Законот е предвидено собранието на општината да може да го утврдува надоместокот за употреба на градежното земјиште според обемот и степенот на опременоста со комунални објекти и инсталации.

Висината, роковите на плаќањето и начинот на пресметувањето на овој надомест се утврдува со одлука на собранието на општината, а надоместокот го плаќа непосредниот корисник на таквото земјиште. Како непосреден корисник, според овој закон, се смета носителот на правото на користење на недвижности, сопственикот и носителот на станарското право.

Членот 46 од Законот предвидува средствата од надомесокот да се користат за финансирање на изградба на комунални објекти и инсталации и за уредување на градежното земјиште во согласност со Програмата.

По исклучок, дел од средствата од надоместокот за употреба на градежното земјиште во виснина од 30% може да се употреби како учество во трошоците за одржување на комуналните објекти и на инсталациите, што се утврдува со Програмата.

Од изнесените законски одредби произлегува дека условите, начинот и постапката за уредување на градежното земјиште ги пропишува Владата на Република Македонија; дека уредувањето на градежното земјиште се врши според програма што ја донесува собранието на општината врз основа на урбанистичкиот план; дека за доградба и надградба на постојните објекти се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште чиј износ се утврдува со програмата и не може да биде поголем од 50% од вистинските трошоци за уредување на земјиштето. Исто така, од Законот произлегува дека намената на средствата остварени од надоместокот за уредување на градежното земјиште е утврдена со програмата; дека висината на овој надоместок собранието на општината го утврдува според критериумот опременост на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации; дека надоместокот го плаќа непосредниот корисник, а овие средства се користат за финансирање на изградба на комунални објекти и инсталации за уредување на градежното земјиште во согласност со програмата, која содржи ставка за изработка на урбанистичките планови.

Исто така, согласно член 28 став 5 од Законот за просторното и урбанистичкото планирање средствата што се остваруваат од доделеното градежно земјиште се приход на општината, односно градот Скопје, а се

користат за надоместување на трошоците за уредување на градежното земјиште.

Понатаму, согласно член 2 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр.80/93) данокот на имот се плаќа на сопственоста на недвижен имот: неаграрно земјиште, станбени згради или станови, деловни простории, административни згради, згради или станови за одмор и рекреација, гаражи и други градежни објекти.

Имајќи ги предвид наведените одредби од Законот за градежното земјиште, Законот за просторното и урбанистичкото планирање и Законот за данок на имот во контекст на одредбата од член 8 од Уставот, која, меѓу другото, владеењето на правото и социјалната правда ги предвидува како темелни вредности на Републиката и одредбата од член 33 од Уставот која граѓаните на Република Македонија ги задолжува да плаќаат данок и да учествуваат во намирувањето на јавните расходи, Судот оцени дека оспорената одредба од член 37 од Законот за просторното и урбанистичкото планирање, со задолжувањето на граѓаните да плаќаат надомест за користење на урбанизиран простор, излегува надвор од овластувањата содржани во Уставот, од причина што по истиот основ граѓаните веќе плаќаат надомест за употреба на градежното земјиште, а едновремено плаќаат и данок за поседување на имот, што не е интенција на Уставот во смисла на грананција на принципот на владеење на правото и социјалната правда, поради што одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

6. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Цунов.

У.бр.122/96 и У.бр.148/96
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Јован Проевски,** с.р.

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка („Службен весник на Република Македонија" број 71/96), се направени грешки поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОБИВКА

– Во членот 5, наместо зборот: „даноци", треба да стои зборот „донации".

– Во членот 8, став 1 во вториот ред, по зборот: „(фондации)", треба да стојат наводници.

– Во членот 10, наместо зборот: „распределбата" и запирка треба да стои зборот „распределба".

Број 13-91/2
31 јануари 1997 година
Скопје

Од Законодавно-правната
Комисија на Собранието на
Република Македонија

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги („Службен весник на Република Македонија" број 71/96), се направени грешки поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

– Во член 3 став 1 во третиот ред наместо зборот „од" треба да стои зборот „до".

– Во член 10, став 1 наместо зборот „вискоградбата" треба да стои зборот „високоградбата".

– Во член 35 став 1 во вториот ред по бројот „5" треба да стои заграда.

Број 13-91/3
31 јануари 1997 година
Скопје

Од Законодавно-правната
Комисија на Собранието на
Република Македонија

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија" број 71/96), се направени грешки поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

– Во член 8 наместо стапката „05%" треба да стои стапката „0,5%" и наместо стапката „03%" треба да стои стапката „0,3%".

– Во член 9, став 1 во точката 2. потточката 1) наместо бројот „1,250" треба да стои бројот „1.250".

Број 13-91/4
31 јануари 1997 година
Скопје

Од Законодавно-правната
Комисија на Собранието на
Република Македонија

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси („Службен весник на Република Македонија" број 71/96), се направени грешки поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ

– Во членот 1 во став 2, во четвртиот ред, наместо зборот „граѓанин" треба да стои зборот „граѓани".

– Во членот 9 во Тарифниот број 9 во деветиот ред наместо „цртичка-тире" треба да стои буква „б)".

Број 13-91/5
31 јануари 1997 година
Скопје

Од Законодавно-правната
Комисија на Собранието на
Република Македонија

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД ВО КИЧЕВО

Пред Основниот суд во Кичево се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Горан Димовски од Кичево ул. „Б. Ослободување" против тужената Димоска Тавра – Татјана од Кичево сега со непозната адреса на живеење.

Бидејќи тужената Димовска Тавра – Татјана е со непозната адреса за привремен застапник и се поставува Гоце Ацески од Кичево.

Привремениот застапник ќе ги врши сите права и обврски на застапник додека тужената или нејзиниот полномошник не се појават пред судот, односно не го известат судот дека лично ќе се појави или ќе определи нејзин полномошник.

Од Основниот суд во Кичево, П. бр. 627/96. (1014)

ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 3541/96, на регистарската влошка бр. 1-16940-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста во внатрешен и надворешен трговски промет на Претпријатието за трговија на големо и мало „СКИНПРОМ“ ц.о. експорт-импорт ул. „Џон Кенеди“ бр. 25-3/33, Скопје.

Дејноста на претпријатието во внатрешниот и надворешниот трговски промет се проширува со: 060501, 060502, 060503, 060601, 060609, меѓународен транспорт на стоки и патници.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 3541/96. (9638)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 4388/96, на регистарска влошка бр. 1-27708-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста на Производно трговското услужно претпријатие „ПАЛМИРА“ експорт-импорт ц.о. ул. „Мите Богоевски“ бр. 79 а, Скопје.

Дејности: 011832, 011941, 011949, 012421, 012429, 012611, 012612, 012613, 012614, 012615, 012699, 013021, 013022, 013030, 013050, 013072, 013074, 013099, 013121, 013400, 020100, 020121, 050100, 050310, 050302, 060501, 060502, 060503, 060602, 090121, 090189, 110301, 110302, 110309, 110401, 110402, 110403, 110404.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 4388/96. (9639)

МАЛИ ОГЛАСИ

Се огласуваат за неважни следните печати:

Правоаголен печат под назив: „Фризерски салон „Пенџа“ – Скопје“. (805)

Тркалезен печат под назив: „Претпријатие за производство, промет, услуги и експорт-импорт „Мамљи-Комерц“ доо – Скопје“. (21)

Правоаголен печат под назив: „Златар „Елмаз“ – Енуз Елмаз, ул. „Београдска“ бр. 70-а, – Скопје“. (25)

Тркалезен печат под назив: „Трговско претпријатие „Вамако Глобал 2“ експорт-импорт – Скопје“. (1029)

Тркалезен печат под назив: „ТПП „Бат Компани“ ц.о. увоз-извоз – Скопје“. (1035)

Тркалезен печат под назив: „Трговско угостителско претпријатие „Боб–Ден“ увоз-извоз п.о. – Скопје“. (1039)

Тркалезен печат и штембил: „Натура Фрунт-96“ – Претпријатие за производство, транспорт, трговија и услуги д.о.о. експорт-импорт – Скопје, с. Грчец“. (994)

Тркалезен печат под назив: „Претпријатие за градежништво, трговија на големо и мало експорт-импорт „Победа“ АД ЦО – Скопје“. (1005)

Тркалезен печат под назив: „Гимназија „Јосип Броз Тито“ ц.о. – Скопје – Република Македонија“. (1051)

Тркалезен печат и штембил под назив: „Друштво со ограничена одговорност за железнички авто-сообраќај „Ремонт“ ц.о. – Гостивар“. (309)

На тркалезниот печат и штембил под назив: „Основно училиште „Гоце Делчев“ ц.о. – с. Горно Лисиче – Скопје – Социјалистичка Република Македонија, се брише зборот „Социјалистичка“. (997)

Пасош бр. 393945/94 издаден од УВР Скопје на име Риза Османи, ул. „Лазо Москов“ бр. 12/2–15, Скопје. (1128)

ЈАВНИ ПОВИЦИ

Врз основа на член 25 и 26 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Сл. весник на РМ“ бр. 38/93, АД ФАБРИКА ЗА ШЕЌЕР „4 НОЕМВРИ“ БИТОЛА, објавува

ЈАВЕН ПОВИК ЗА КУПУВАЊЕ АКЦИИ СО ПОПУСТ

1. Акциите ги издава АД ФАБРИКА ЗА ШЕЌЕР „4 НОЕМВРИ“ – БИТОЛА, врз основа на решението бр. 15-230/274 од 26.11.1996 година издадено од Комисијата на Владата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

2. Предмет на продажба на овој повик се 14.254 акции, со вкупна вредност од 1.425.421 ДЕМ.
Вредноста на една акција изнесува 100 ДЕМ.

3. Право на купување на акции со попуст имаат:
– работници кои во АД ФАБРИКА ЗА ШЕЌЕР „4 НОЕМВРИ“ – БИТОЛА, непрекинато работеле најмалку 2 години пред донесувањето на Одлуката за трансформација,
– лица на кои работниот однос им престанал во АД ФАБРИКА ЗА ШЕЌЕР „4 НОЕМВРИ“ – БИТОЛА, а кои во него работеле непрекинато 2 години и
– пензионирани работници кои во АД ФАБРИКА ЗА ШЕЌЕР „4 НОЕМВРИ“ – БИТОЛА, непрекинато работеле најмалку 2 години.

Право на купување акции со попуст може да се користи еднократно и тоа само во едно претпријатие.

4. Вработените и други лица кои имаат право да купат акции со попуст, попустот го користат индивидуално и тоа 30% од номиналната вредност на акцијата како основен попуст, зголемен за 1% за секоја година работен стаж во претпријатието.

Исклучок од став 1 од точка 4 е делот на акциите, односно вредноста на летувалиштето Претор, кој изнесува 2.275 акции, во вредност од 227.500 ДЕМ. за кои основниот попуст изнесува 50% од номиналната вредност, зголемен за 1% за секоја година работен стаж во претпријатието.

5. Износот на купените акции со попуст не може да го надмине износот од 25.000 ДЕМ.

6. Акциите што се купуваат со попуст се достапни за сите корисници на попустот под еднакви услови.

7. Плаќањето на акциите со попуст ќе се врши месечно во рок од 5 години, со грејс период од 2 години, сметано од денот на продажбата.

8. Запишувањето на акциите со попуст ќе се врши врз основа на писмена изјава од страна на купувачот, во која покрај податоците за купувачот, ќе биде назначен износот на акциите што има намера да ги купи.

9. Рокот за запишување на акциите со попуст изнесува 15 дена од денот на објавувањето на овој повик.

10. Поблиски информации во врска со продажбата на акциите со попуст можат да се добијат секој работен ден во АД ФАБРИКА ЗА ШЕЌЕР „4 НОЕМВРИ“ – БИТОЛА, ул. „Индустриски дел“ бб.

ОБЈАВИ

Врз основа на член 17 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ПОДП „Јавор“ – Гостивар

ОБЈАВУВА

Дека Комисијата на Владата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал на седницата одржана на 23.01.1997 година, донесе Одлука за трансформација на претпријатието, согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Трансформацијата на претпријатието ќе се изврши со: откуп на претпријатието од страна на вработените.

Со содржината на Одлуката сите заинтересирани домашни и странски правни лица ќе можат да се запознаат преку непосреден увид, во деловните простории на претпријатието, кое се наоѓа на ул. „Момир Андоноски“ бб во време од 07. до 15 часот.

Врз основа на член 12 од Законот за персоналниот данок од доход („Службен весник на Република Македонија“, бр. 80/93, 3/94, 70/94 и 71/96), Министерството за труд и социјална политика

ОБЈАВУВА

Просечната месечна нето плата по работник во Републиката за месец јануари 1997 година која се применува за аконтативно пресметување на персоналниот данок од доход изнесува 9.100,00 денари.

Министер,
Назер Зибери, с.р.

Врз основа на членот 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 70/94 и 62/95), Министерството за труд и социјална политика

ОБЈАВУВА

Платата по работник која претставува основица за пресметување на даноците и придонесите од плата за месец јануари 1997 година неможе да изнесува помалку од утврдената по одделни гранки и тоа:

шифра	гранка	основица
0101	Електростопанство	7.935
0102	Производство на јаглен	4.939
0105	Производство на нафтени деривати	9.143
0106	Производство на железна руда	/
0107	Црна металургија	4.743
01087	Производство на руди на обоени метали	5.418
0109	Производство на обоени метали	8.637
0110	Преработка на обоени метали	6.401
0111	Производство на неметални минерали (без градежен материјал)	4.138
0112	Преработка на неметални минерали (без градежен материјал)	4.423
0113	Металопреработувачка дејност	4.371
0114	Машиноградба	5.824
0115	Производство на сообраќајни средства	4.478
0117	Производство на електрични машини и апарати	5.011
0118	Производство на базни хем. производи	5.838
0119	Преработка на хемиски производи	8.760
0120	Производство на камен, чакал и песок	5.419
0121	Производство на градежен материјал	9.264
0122	Производство на режана граѓа и плочи	5.719
0123	Производство на финални произв. од дрво	3.030
0124	Производство и преработка на хартија	4.228
0125	Производство на текстил. предива и ткаен.	3.344
0126	Произв. на готови текстилни производи	3.972
0127	Производство на кожа и крзно	3.831
0128	Произв. на кожни обувки и галантерија	3.258
0130	Производство на прехранбени производи	6.962
0131	Производство на пијалаци	8.427
0132	Производство на добиточна храна	6.204
0133	Производство и преработка на тутун	6.969
0134	Графичка дејност	4.952
0135	Собирање и примарна преработка на индустриски отпадоци	4.755
0139	Производство на разновидни производи	8.391
0201	Земјоделско производство	4.684
0202	Земјоделски услуги	7.696
0203	Рибарство	4.067
0300	Шумарство	5.062
0400	Водостопанство	5.472
0501	Високоградба	4.090
0502	Нискоградба и хидроградба	4.679
0503	Инсталатерски и завршни работи во градежништвото	3.841
0601	Железнички сообраќај	6.258
0604	Воздушен сообраќај	11.799
0605	Друмски сообраќај	4.453
0606	Градски сообраќај	6.523
0608	Претоварни услуги	/
0609	ПТТ услуги и врски	8.200
0701	Трговија на мало	5.142
0702	Трговија на големо	8.423
0703	Надворешна трговија	6.626
0801	Угостителство	5.423
0802	Туристичко посредување	3.936
0901	Занаетчиски услуги и поправки	5.364
0902	Лични услуги и услуги на домаќинство	4.273
1001	Уредување на населби и простори	6.627
1002	Станбена дејност	6.830
1003	Комунална дејност	6.202

1101	Банкарство	7.370
1102	Осигурување на имоти и лица	12.273
1103	Услуги во областа на прометот	9.213
1104	Проектир и сродни – техн. услуги	5.302
1105	Геолошки истражувања	6.265
1106	Истражувачко развојна работа (освен научно истражувачка)	4.721
1109	Деловни услуги	8.559
1201	Образование	5.993
1202	Научно истражувака дејност	6.441
1203	Култура, уметност и информации	6.282
1204	Физичка култура и спорт	5.391
1301	Здравствена заштита	6.406
1302	Општествена заштита на децата и младината и социјална заштита	5.231
1401	Органи на државна власт, единици на локалната самоуправа и други облици	6.419
1402	Самоуправни интересни заедници	6.612
1403	Здруженија	8.953
1404	Политички партии, општествени организации, здруженија и други организации	8.340

Министер,
Насер Зибери, с.р.

СОДРЖИНА

Страна

76. Закон за јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје 169
77. Закон за дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем за Проектот Кредитна линија за мали и средни претпријатија 170
78. Одлука за избор на претседатели на основните судови 170
79. Одлука за разрешување од функцијата заменик на јавниот обвинител на Република Македонија 170
80. Одлука за разрешување од функцијата заменик на окружниот јавен обвинител. 170
81. Одлука за избор на претседател на Републичкиот судски совет. 171
82. Одлука за определување највисоки цени на брашното и лебот 171
83. Одлука за износот на премијата за млекото во периодот од 01.01.1997 до 30.04.1997 година 171
84. Одлука за определување и користење на царински контингент при увоз на суровини за добиточна храна 171
85. Одлука за распределба на дел од средствата за изградба на водоводи во Република Македонија во 1997 година 171
86. Одлука за определување на услови за градба на авто-сервис со придружни објекти (продавница за делови, магацин и канцеларии), на подрачјето на општината „Кисела Вода" – Скопје 172
87. Одлука за определување на услови за градба на објектот „површински коп за експлоатација на кварцити на лежиштето „Пештер" на подрачјето на општината Пробиштип 172
88. Одлука за определување на услови за градба на конзумна млекара за преработка на млеко и млечни производи, на подрачјето на општината Велес 172
89. Одлука за определување на услови за градба на трафостаница 35/10 кВ „Кичево – Север", на подрачјето на општината Кичево 172
90. Одлука за определување на услови за градба на Млин со придружни објекти, на подрачјето на општината „Карпош" – Скопје 173
91. Одлука за определување на услови за градба на погон за преработка на месо и месни конзерви и погон за производство на леб и бели пецива, на подрачјето на општината „Чаир" – Скопје 173
92. Одлука за определување на услови за градба на погон за производство на сточна храна и земјоделски преработки, на подрачјето на општината „Гази Баба" – Скопје 173
93. Решение за утврдување на опрема која може да се увезе без плаќање царина 173
94. Решение за утврдување на опрема која може да се увезе без плаќање царина 174
95. Решение за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност. 174
96. Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр. 173/96 од 22 јануари 1997 година. 174
97. Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр. 59/96 од 25 декември 1996 година. 175
98. Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр. 122/96 и У. бр. 148/96 од 25 декември 1996 година 175

Исправка на Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка 177
Исправка на Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги 177
Исправка на Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите 177
Исправка на Законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси 177
Објава за просечна месечна нето плата по работник во Република Македонија за месец јануари 1997 година 179
Објава за плата по работник која претставува основица за пресметување на даноци и придонеси од плата за месец јануари 1997 година. 179
Меѓународни договори – додаток . . . 1-52

Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија – Скопје, бул. „Партизански одреди" бр. 29. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефони 228-204, 117-460. Телефакс 112-267. Пошт. фах 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Печатница „Нова Македонија" – Скопје